РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Уплатната но опласка шасла. 20.10.2010 год

Ознака на списот Пеп-Др.33/09

Ев

Предав

# ДОСТАВНИЦА

## за лично доставување

Примач Наумче Ивановски Ресен

Наименување на актот што се доставува решение од 22-02-10 г.

Број на прилозите

Предупредувам дека го примив напред означениот акт (сос зборови)

Кон. Не се јави да ја прими пратката

08.04.2010

Потпис на примачот,

Потпис на доставувачот,

sud_dost.cdr

Ако примачот е неписмен или не е во состојба да се потпише го потпишува доставувачот со забелешка зошто примачот не го ставил својот потпис

Основен суд во Ресен како првостепен вонпарничен суд, во совет, составен од судија Царева Проевска како председател на советот и судиите поротници Билјана Спирковска и Атли Шерифи како членови на советот, во правната работа по предлогот на предлагачот Општина Ресен против противниците Љубица Ивановска и Наумче Ивановски од Ресен за определување на надоместок, по одржаната усна и јавна главна расправа на ден 22.02.2010 година, во присуство на полномошникот на предлагачот адв.Никола Бундевски од Ресен а во отсуство на противниците , редно викани, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

За одземеното од владение градежно неизградено земјиште на кп.бр. 5496/2 во пов. од 16 мкв во КО Ресен, поранешна сопственост на Ивановски Љубин од Ресен на ул„ 7ма Македонска бригада“ бр. 16, експроприрано со решение бр.25-65/1 од 17.06.2009 год., на Министерството за финансии , управа за имотно-правни работи, одделение за управна постапка во Ресен, чии правни следбеници се Љубица Ивановска и Наумче Ивановски од Ресен, на ул„ 7ма Македонска бригада“ бр. 16, им се определува вкупен надомест во износ од 19.200,00 денари.

СЕ ЗАДОЛЖУВА корисникот на експропријацијата Општина Ресен на поранешните сопственици, надоместокот од горниот став да го исплати во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката а по овој рок до денот на исплатата и камата по есконтна стапка на Народна Банка на Република Македонија, во рок од 15 дена по правосилноста на одлуката.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во текот на рочиштето преку полномошникот предлагачот останува во се како во предлогот со дополнување , со решение бр.25-65/1 од 17.06.2009 год., експоприрана е предметната недвижност и решението била правосилно и конечно во управна постапка. на ден 14.07 .2009 во просториите на управта за имотно -правни работи Ресен била закажана постапка за спогодбено определување на надоместок за експоприран имот на кој се јавиле службени лица од Управата и лицето Јоне Димовски како преставник на Општина Ресен, кој понудил на поранешниот сопственик по 1.200,00 денари по метар квадратен меѓутоа наследниците на пок.Љубин иако уредно повикани не се јавиле на расправта и констатирано било дека истите на ја прифаќаат горната понуда, спогодба не била постигната и предметот е вратен на решавање на овој суд. Смета дека понудената цена од преставникот на Општина Ресен во висина од 1.200,00 денари по метар квадаратен е реална цена, судот треба да ги обештети поранешните сопственици, појаснува дека лицето Љубин Ивановски е починат и негови наследници се неговата сопруга Љубица и синот Наумче Ивановски . Потенцира дека во интерес на економичнист на постапката предлага судот да донесе решение и да определи надоместок правичен согласно понудениот износ бидејќи противнивите не се јавуваат а ова е трета расправа за која што бараат одлагање без некоја посебна причина.

Во завршен збор полномошникот на предлагачот бара судот да определи правичен надоместок согласно понудата предложена од страна на противникот Општина Ресен Јоне Димовски изнесена во управна постапка за спогодбено определување на надоместок за експоприран имот .

Во текот на рочиштето судот ги изведе предложените докази со читање на : записникот за спогодбено определување на надоместок бр.25-65/2 од 14.07.2009 год., Решение бр.25-65/1 од 17.06.2009 год, па врз основа на сите изведени докази ценети посебно и во нивна меѓусебна поврзаност согласно чл.8 од ЗПП по слободно судиско убедување се утврди следната фактичка положба:

Министерството за финансии, управа за имотно-правни работи, одделение за управна постапка во Ресен,донесе решение бр.25-65/1 од 17.06.2009, со кое се екпоприра недвижност на КП.бр.5496/2 во пов. од 16 мкв во КО Ресен чии корисник бил Ивановски Љубин од Ресен а екпопријацијата се вршела во корист на Општина Ресен заради изградба на улица УЕ-2 во КО Ресен , предвидена со деталниот урбанистички план на град Ресен.

Општината до Управата за имотно-правни работи - орган за експопријација поднесла предлог бр.25-65 од 05.03.2009 год., со кој бара да се одземе корисничкото право на недвижност на КП.бр.5496/2 во вкупна површина од 16.мкв.во КО Ресен од Ивановски Крсте и Ивановски Љубин од Ресен по една иделана половина а за изградба на улича УЕ-2 во Ресен предвидена со ДУП. Кон предлогот Оштината ги доставила потребните докази согласно Законот за експопријација . Земјиштето на кп.бр 5496/2 било сопственост на РМ а носител на право на користење е под Ивановски Љубин од Ресен.

Управта за имотно-правни работи Ресен, закажа расправа на ден 14.07.2009 год., заради спогодбено определување на надоместок за експоприран имот на која не се јавија наследниците на пок.Ивановски Љубин а преставникот на Општината Јоне Димовски понудил цена од 1.200,00 ден по мкв, спогодба не е постиганата а корисникот на екпопријацијата останал и понатаму при дадената понуда.

Од погоре наведените причини согласно чл.38 од Законот за експопријација Министерството за финансии предметот го достави до судот за да се определи надоместок за експопранииот имот , од погоре изведените докази судој ја утврди горе наведената фактичка состојба и на противниците Љубица Ивановкса која е сопруга на покојиот Љубин Ивановски и Наумче Ивановкси које е сина на покојниот Љубин Ивановски согласно решението бр.25-65/1 од 17.06.2009 год., за одземеното земјиште на КП.бр.5496/2 во вкупна површина од 16.мкв. во КО Ресен им определи вкупен износ од 19.200,00 денари согласно понудента цена од предлагачот од по 1.200,00 ден по мкв, која цена судот смета дека е реална, прифатлива и пазарна цена согласно Законот за експопријација. Со оваа пазарна цена е согласен да ја исплати самиот предлагач што судот донесе решение во диспозитивот на истото.

Претседател на совет,
Царева Проевска, ср

ПОУКА:Дозволена е жалба во рок од 15 дена , преку овој суд до Апелационен суд во Битола

Д-На: Полномошникот на предлагачот и полномошникот Наумче Ивановски од Ресен.

Верно со оригиналот потврдува
Судски службеник